Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел од дневни настани 04.02.2022

На 03.02.2022 на ул.„Речиште" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Љ.(28) од Скопје. За него била распишана потерница од Основен кривичен суд Скопје за издржување затворска казна за сторено кривично дело по член 235-а од Кривичниот законик. Лицето било предадено во Казнено-поправна установа Затвор Скопје за издржување на казната.

На 03.02.2022 во 18.50 часот на ул.„Индира Ганди", полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода Е.М.(25) од Скопје. Тој се барал по потерница од Основен кривичен суд за издржување казна затвор од една година за сторено кривично дело по член 236 од Кривичниот законик. Лицето било предадено во казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 03.02.2022 околу 18.40 часот полициски службеници на СВР Тетово, со судска наредба, го привеле 40-годишниот тетовец А.К. за издржување на затворска казна. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор „Тетово" во Тетово за издржување на казната.

На 03.02.2022 околу 19.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје – Единица за недозволена трговија го лишиле од слобода Н.М.(20) од Скопје. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 215 од Кривичниот законик.

На 03.02.2022 во 20.30 часот на влезот на с.Колибари, кичевско, полициски службеници од ОВР Кичево го лишиле од слобода Л.Ј.(26) од Кичево, затоа што при преглед во возило „бмв" со кичевски регистарски ознаки, во кое се превезувал, кај него била пронајдена и одземена марихуана. Подоцна, со судска наредба, бил извршен претрес во неговиот дом, при што, исто така, била пронајдена и одземена марихуана. Покрај ова, Л.Ј. физички нападнал и полициски службеник кој извршувал службени дејствија. По целосно документирање на случајот против него ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 03.02.2022 во 21.30 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Ш.(23) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.02.2022 во 23.45 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.И.(26) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.02.2022 во 22.00 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле М.Т.(18) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени марихуана и метална дробилка со остатоци од марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.02.2022 во 21.20 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Полициската станица Ѓорче Петров го лишиле од слобода Д.П.(18) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.02.2022, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода И.Л.(32) од с.Дихово, битолско, бидејќи кај него било пронајдено и одземено пакување со марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава по член 215 од Кривичниот законик.

На 03.01.2022 во рамки на зајакнатите акциски контроли на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, санкционирани се 170 возачи. Од нив, 16 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 90 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 80 надвор од населено место.

На 03.02.2022 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 12 прекршоци, од кои 9 надвор од населено место и 3 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Истиот ден, во периодот од 08.00 до 12.00 часот спроведена е акциска контрола на возачи кои не почитуваат првенство на минување на пешаци. Притоа биле откриени и санкционирани 2 прекршоци. Санкционирани биле и 26 други видови на прекршоци, од кои 9 за управување возило без возачка дозвола, 2 за нерегистрирано возило, 2 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за некористење сигурносен појас, 2 за користење мобилен телефон, 4 за прекршоци направени од пешаци и 6 за непрописно паркирање.

На 03.02.2022 во периодот од 08.00 до 12.00 часот на подрачјето на Полициската станица Велес била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои не даваат првенство на минување на пешаци. Притоа, биле констатирани и санкционирани 3 прекршоци. Засилените акциски контроли продолжуваат и во наредните денови.

На 03.02.2022 во 14.39 часот на ул.„Воден", во близина на бензинска пумпа во Битола, кај „Краварски пат" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „ауди А7" со битолски регистарски ознаки, управувано од Б.Б.(20) од с.Жабени, битолско и автобус „мерцедес", со ресенски регистарски ознаки, управуван од Н.Б.(52) од с.Јанковец, ресенско, при што удриле во паркирано влечно возило „мерцедес", со битолски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот Н.Б., а со телесни повреди возачот Б.Б. и патниците во автобусот Љ.Д.(25), Г.С.(48) и Ф.Ѓ.(31), тројцата од с.Јанковец, ресенско, Ј.Н.(42) од с.Златари, ресенско, С.Ј.(50) и С.Ј.(50) од с.Лева Река, ресенско, Ф.З.(52), И.М.(40), А.К.(28), М.Н.(47), Б.Г.(28) и В.П.(66), Н.Ѓ.(60), Ж.Ц.(51), Љ.А.(60), И.Р.(57), В.П.(42) и А.Б.(37), сите од Ресен, како и Ф.Т.(25) и Е.Т.(50), двајцата од с.Избишта, ресенско, констатирани во Клиничката болница Битола. Увид извршила увидна екипа на СВР Битола.

На 03.02.2022 била спроведенеа засилена акциска контрола за санкционирање на возачите кои не ги пропуштаат пешаците на пешачки премин, односно не ги почитуваат обврските како возачи. Санкционирани се 103 возачи, од кои 60 на територија на Скопје. При акциската контрола санкционирани се и 166 друг вид на сообраќајни прекршоци. Само на територија на Скопје се изречени и 13 санкции за пешаци кои не поминувале на пешачки премин.

На 03.02.2022 во рамки на засилените акциски контроли во областа на сообраќајот, на територијата на град Скопје изречени се вкупно 248 мерки, меѓу кои за недавање првенство на минување на пешаци 60 мерки, осум санкции за возење без возачка дозвола, 13 санкции за прекршоци што ги чинат пешаците. Изречени се и шест санкции за зборување на мобилен телефон, пет мерки за минување на затворен сигнал црвено светло, 72 мерки за непочитување на брзината на движење...

На 03.02.2022 во 13.30 часот во СВР Скопје било пријавено во с.Кондово, скопско, се случила сообраќајна несреќа во која учествувале патничко возило „ауди", со скопски регистарски ознаки, управувано од М.О.(40) од с.Долно Свиларе, скопско, патничко возило „фолксваген голф", со косовска национална ознака, управувано од Р.С.(31) од с.Кондово, скопско, и паркирано патничко возило „мерцедес", со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетен пешак од с.Паничари, скопско, а уште еден пешак, Ш.А.(18) од Скопје, се здобил со телесни повреди, констатирани во комплекс клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 03.02.2022 во 20.00 часот во Полициската станица Центар, Е.А.(21) од Скопје пријавила дека на ул.„Самоилова" била касната од куче скитник.

На 04.02.2022 во 01.10 часот во Полициската станица Аеродром, Ј.Ј.М.(32) од Скопје пријавила дека на ул.„69" била касната од куче скитник.

На 03.02.2022 во 11.55 часот на бул.„Никола Карев" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода А.С.(23) од Скопје. Тој бил баран по Централна потерница од Основен суд Скопје за издржување казна затвор од една година и два месеци за сторено кривично дело по член 385 од Кривичниот законик. Тој бил предаден во Казнено-поправната установа Затвор Скопје за издржување на казната.

На 03.02.2022 во 11.00 часот на ул.„Лазар Поп Трајков" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Ш.(34) од Скопје. Тој бил баран по Централна потерница од Основен суд Скопје за издржување затворска казна за сторено кривично дело по член 297 од Кривичниот законик. Тој бил предаден во Казнено-поправната установа Затвор Скопје за издржување на казната.

На 03.02.2022 во 16.49 часот во СВР Штип, од Казнено - поправната установа Затвор Штип било пријавено дека при претрес кај осуденото лице Ф.И.(32) од Штип била пронајдена прашкаста материја. Полициски службеници од СВР Штип извршиле увид и ја одзеле прашкастата материја за понатамошна постапка. По комплетирање на случајот против Ф.И. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.02.2022 во 12.30 часот, полициски службеници од Одделот за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија при Регионалниот центар за гранични работи Север во содејство со инспектори од Трудов инспекторат извршиле контрола на градежен објект на ул.„Партениј Зографски" во Скопје, каде како изведувач на градежни работи е правно лице од Скопје. При контролата, на објектот биле затекнати 10 лица, државјани на Косово, кои извршувале градежни работи. По дополнителните проверки било констатирано дека лицата го прекршиле Законот за странци и против нив ќе бидат поднесени соодветни прекршочни пријави согласно член 217 од Законот за странци, додека за правното лице ќе бидат поднесени соодветни пријави од страна на Трудов инспекторат.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.Л.(32) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „затајување". Таа, во својство на одговорно лице во маркет во Охрид, подолг период противправно присвојувала парични средства - сопственост на правниот субјект кои ѝ биле доверени за работа. Со тоа, според финансиската документација приложена од сопственикот на правниот субјект, пријавената предизвикала материјална штета од 1.182.022 денари.

На 03.02.2022 во 13.10 часот, полициски службеници од Полициската станица Кавадарци извршиле контрола во автобус со скопски регистарски таблички, сопственост на превозно претпријатие од Скопје, при што биле пронајдени две лица - мигранти од Куба. Притоа, било констатирано дека лицата оствариле илегален влез во државата. Тие биле приведени и им биле изготвени записници за констатиран прекршок согласно член 147 од Закон за странци, по што ќе бидат протерани од државата.

На 04.02.2022 во 01.00 часот во Полициската станица Карпош, малолетник од с.Чајлане, скопско, пријавил дека на 03.02.2022 околу 18.50 часот пред Трговски центар на подрачјето на Карпош, тој и Н.М.(18) биле физички нападнати од Г.С.(21), А.С.(18) и двајца малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Кавадарци поднесе кривична пријава против А.Љ.(27) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". Пријавениот, по набавени податоци за платежна картичка на лице од Кавадарци, на 08.09.2020 во три наврати се обидел да направи нелегална електронска трансакција, но не успеал. Пријавениот, второто кривично дело го сторил на ист начин, односно по добиени банкарски податоци за платежна картичка на едно лице, извршил две нелегална трансакции.

На 03.02.2022 во 17.50 часот во Полициската станица Аеродром, Ц.С.М.(42) и И.Т.(46), двете од Скопје, пријавиле дека околу 13.00 часот на паркинг просторот на Автобуската станица, под Железничката станица, нивните малолетни синови биле физички нападнати од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Л.С.(54) од с.Долни Подлог, кочанско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". На 02.01.2022 во атарот на с.Јастребник пријавениот, поради невнимателно ракување со неговата пушка „Застава М70", испукал еден куршум и го погодил С.М. од Кочани, со кого заедно биле на лов, при што му нанел тешка телесна повреда.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против тројца малолетници од Кочани, поради тоа што на 09.12.2021 на ул. „Раде Кратовче" во Кочани физички нападнале малолетник.

На 03.02.2022 во 20.30 часот во Полициската станица Чаир било пријавено дека во спортска обложувалница на подрачјето на Чаир две лица со закана кон вработената одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против О.Х.(32) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 18.05.2021, пријавениот бил затекнат како се движи без дозвола за движење за време на забрана за движење на целата територија на државата.

ОВР Кавадарци поднесе кривична пријава против И.И.(70) од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение дека на 25.01.2022 се обидел да изврши обљуба врз малолетничка од Кавадарци.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет